**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-535**
**03.01.2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Дописите од Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје (наш Уп1 бр.08-535 од 03.12.2019 година) и арх.бр.03-45/01 од 26.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 26.12.2019 година) и Изјавата од управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје – Горан Мишевски, арх.бр.03-53/01 од 31.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.10528/2019 од 31.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 31.12.2019 година), Изјавата од управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје – Горан Глигоров, арх.бр.01-3551/01 од 23.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.4235/2019 од 24.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 26.12.2019 година) и Изјавата од основачот/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје – Горан Ивановски, арх.бр.03-01/01 од 02.01.2020 година (заверена на нотар) УЗП бр.16/2020 од 02.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-535 од 02.01.2020 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот бр.02-34/6 од 03.01.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница одржана на 03.01.2020 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-22 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 5 јануари 2015 година до 4 јануари 2024 година), за емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво за подрачјето на Д2 - Страцин (Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка, Кратово), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 03.12.2019 година, ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Допис (наш Уп1 бр.08-535), во кој наведе дека ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје од 01.01.2020 година ја откажува дозволата за телевизиско емитување.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио

емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Во врска со Дописот од ТРД СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, а согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 06.12.2019 година испрати Известување (наш Уп1 бр.08-535), со кое побара од радиодифузерот да достави 3 (три) Изјави - заверени на нотар дадени во својство и од страна на: управителот на ТРД СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје; управителот на ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (кое правно лице е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија Сител 2 ДООЕЛ) и основачот/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, кое правно лице е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (кое правно лице пак е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија Сител 2 ДООЕЛ), во кои задолжително ќе биде наведено дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, престанува со емитување на телевизиска програма.

На 26.12.2019 година ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Допис арх.бр.03-45/01 од 26.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 26.12.2019 година), во прилог на кој беа доставени само 2 (две) изјави (заверени на нотар), и тоа: Изјавата дадена од страна на Горан Ивановски – во својство на основач/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, кое правно лице е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (кое правно лице пак е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија Сител 2 ДООЕЛ) УЗП бр.4284/2019 од 25.12.2019 година и Изјавата дадена од страна на Горан Глигоров, во својство на управител на радиодифузерот ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (кое правно лице е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија Сител 2 ДООЕЛ) арх.бр.01-3551/01 од 23.12.2019 година, УЗП бр.4235/2019 од 24.12.2019 година, со кои изјавуваат дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, од 01.01.2020 година престанува со емитување на телевизиска програма. При увид во доставените изјави, од страна на Агенцијата беше констатирано дека недостасува Изјавата која треба да биде дадена од страна на Горан Мишевски, во својство на управител на ТРД СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, како и дека доставената Изјава дадена од страна на Горан Ивановски (во својство на основач/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје) не содржи печат од правното лице Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и дека во истата треба да се извршат одредени корекции од техничка природа. Со оглед на погоренаведеното, Агенцијата на 27.12.2019 година по електронски пат на официјалната е-маил адреса на радиодифузерот ТРД СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје достави Известување (наш Уп1 бр.08-535), со цел радиодифузерот да ги достави односно да ги доуреди погоренаведените изјави и истите да ги завери на нотар.

На 31.12.2019 година, до Агенцијата беше доставена Изјавата дадена од страна на Горан Мишевски, во својство на управител на ТРД СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје, арх.бр.03-53/01 од 31.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.10528/2019 од 31.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 31.12.2019 година). Воедно, на 02.01.2020 година, до Агенцијата беше доставена коригирана Изјава дадена од страна на Горан Ивановски – во својство на основач/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, арх.бр.03-01/01 од 02.01.2020 година (заверена на нотар) УЗП бр.16/2020 од 02.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-535 од 02.01.2020 година).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Изјавата од управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје – Горан Мишевски, арх.бр.03-53/01 од 31.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.10528/2019 од 31.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 31.12.2019 година), Изјавата од управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (основач/сопственик на ТРД Телевизија Сител 2 ДООЕЛ Скопје) – Горан Глигоров, арх.бр.01-3551/01 од 23.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.4235/2019 од 24.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 26.12.2019 година) и Изјавата од основачот/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, кое правно лице е основач/сопственик на

радиодифузерот ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (кое правно лице пак е основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Телевизија Сител 2 ДООЕЛ Скопје) – Горан Ивановски, арх.бр.03-01/01 од 02.01.2020 година (заверена на нотар) УЗП бр.16/2020 од 02.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-535 од 02.01.2020 година), исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Изјавата од управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје – Горан Мишевски, арх.бр.03-53/01 од 31.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.10528/2019 од 31.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 31.12.2019 година), Изјавата од управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје – Горан Глигоров, арх.бр.01-3551/01 од 23.12.2019 година (заверена на нотар) УЗП бр.4235/2019 од 24.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-535 од 26.12.2019 година) и Изјавата од основачот/сопственик на Друштвото за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје – Горан Ивановски, арх.бр.03-01/01 од 02.01.2020 година (заверена на нотар) УЗП бр.16/2020 од 02.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-535 од 02.01.2020 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1; и
- Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје; и
- Агенцијата за електронски комуникации.